Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

04.11.2024
1401-76/1

04.11., 2024 година

АРХИВСКИ БРОЈ: 20-10988/1

Врз основа на Член 18 и Член 26 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/ 16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), Член 53 од Рамковната спогодба за финансиско партнерство меѓу Република Северна Македонија и Европската Комисија за посебните барања за спроведување на финансиската помош на унијата за Северна Македонија според инструментот за претпристапна помош ИПА III („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/22) и Член 54 од Секторската Спогодба помеѓу Република Северна Македонија и Европската Комисија со која се утврдуваат одредбите за управување и спроведување на финансиската помош на унијата за Република Северна Македонија во рамките на Програмата за рурален развој на инструментот за претпристапна помош (ИПАРД III) од 15.02.2023 година, Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден __.__ 2024 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

### За измена на одлуката за формирање на Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

#### Член 1

(1) Во Одлуката за формирање на Комитетот за следење на ефективноста и квалитетот на спроведување на Програмата за рурален развој 2021-2027 (бр. 20-2694/1), донесена од страна на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на 24 февруари 2023 година, во членот 2, став 3 (Владини претставници):

- зборовите „претставник од Министерството за економија" се менуваат со зборовите „претставник од Министерството за економија и труд";
- зборовите „претставник од Министерството за култура" се менуваат со зборовите „претставник од Министерството за култура и туризам";
- зборовите „претставник од Министерството за транспорт и врски" се менуваат со зборовите „претставник од Министерството за транспорт";
- зборовите „претставник од Секретаријат за европски прашања" се менуваат со зборовите „претставник од Министерство за европски прашања"; и
- зборовите „претставник од Министерството за труд и социјална политика се менуваат со претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

(2) Оваа одлука влегува во сила од денот на потпишувањето.

Министер

Цветан Трипуновски

Изработил: Јасмина Хаџибулиќ
Контролирал: Виктор Младеновски
Согласен: Живко Брајковски